20250922054

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА И САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност (во натамошниот текст: Советот), со цел планирање, координирање и реализација на активностите потребни за дигитализација на процесите и сајбер безбедноста, како и ефикасно справување со предизвиците што тие ги носат.

Член 2

Советот го сочинуваат претседател и заменик претседател на Советот, 15 членови и заменици на членовите на Советот и тоа:

1. Претседател на Советот - претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Заменик претседател на Советот - заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

3. Членови на Советот:

- прв заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање;
- заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем;
- заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење;
- министерот за дигитална трансформација;
- министерот за внатрешни работи;
- министерот за финансии;
- министерот за одбрана;
- директорот на Агенцијата за електронски комуникации;
- претставник на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ;
- претставник на стопанските комори (ротирачки претставник од Стопанска комора на Република Северна Македонија, Сојуз на Стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Американската стопанска комора во Македонија);
- претставник на Академската заедница кои произведуваат ИКТ кадар (ротирачки претставник);
- претседателот на Македонската банкарска асоцијација - МБА;
- претседателот на Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на Република Северна Македонија;

- претседателот на Комисијата за транспорт, врски и екологија при Собранието на Република Северна Македонија и
- претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

4. Заменици на членови на Советот:

- министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030;
- заменик на министерот за дигитална трансформација;
- заменик на министерот за внатрешни работи;
- заменик на министерот за финансии;
- заменик на министерот за одбрана;
- претставник од Агенцијата за електронски комуникации;
- претставник на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ;
- претставник на стопанските комори (ротирачки претставник од Стопанска комора на Република Северна Македонија, Сојуз на Стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Американската стопанска комора во Македонија претставник на Академската заедница кои произведуваат ИКТ кадар (ротирачки претставник);
- претставник на Академската заедница кои произведуваат ИКТ кадар (ротирачки претставник);
- претставник од Македонската банкарска асоцијација - МБА;
- заменик на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на Република Северна Македонија;
- заменик на претседателот на Комисијата за транспорт, врски и екологија при Собранието на Република Северна Македонија и
- претставник од Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ротирачки).

Член 3

За вршење на стручно-административни работи на Советот, од страна на претседателот на Советот се назначува секретар од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 4

На состаноците на Советот, по функција, присуствуваат координаторот на Работната група за подготовка на текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон (во натамошниот текст: Работната група за легислатива за дигитализација на процесите), координаторот на Работната група за координација на активностите од областа на информатичко комуникациски технологии заради дигитализација на процесите (во натамошниот текст: Работната група за ИКТ дигитализација на процесите), и координаторот на Работната група за координација на активностите од областа на сајбер безбедност (во натамошниот текст: Работната група за сајбер безбедност).

По потреба, на состаноците на Советот може да присуствуваат и други министри, заменици министри и административни службеници на предлог на министерствата, како и други стручни лица по одделни прашања, на предлог на претседателот или членовите на Советот.

Член 5

Советот ги врши следните работи во делот на дигитална трансформација:

- планира и предлага иницијативи и оперативни планови за дигитална трансформација на општеството до Владата на Република Северна Македонија;
- ги надгледува активностите потребни за дигиталната трансформација на општеството;
- ги усогласува стратешките насоки во согласност со приоритетите на националните иницијативи;
- препорачува иницијативи поврзани со дигиталната трансформација на општеството до Владата на Република Северна Македонија;
- учествува во подготовка на стратегии за дигитална трансформација и соодветни оперативни планови;
- предлага матрица на главни приоритети на кои треба да се работи и периодично да се ажурира до Владата на Република Северна Македонија;
- предлага мерки кои би ја унапределе дигиталната трансформација во согласност со целите на економскиот развој на макро ниво и во согласност со реформските планови до Владата на Република Северна Македонија;
- поставува клучни индикатори за перформанси за дигитална трансформација во согласност со меѓународните најдобри практики во оваа област;
- учествува заедно со членовите на Работната група за легислатива во подготовката на законодавството кои ја регулираат и овозможуваат дигиталната трансформација и вклучува во оваа легислатива предлози кои би служеле за сеопфатна дигитална трансформација на општеството, вклучително и придонес за намалување на корупција, даночно затајување и даночно избегнување;
- дава препораки во врска со брзи проекти кои имаат значително влијание врз националните приоритети и подигање на нивото на усвојување на дигитални владини услуги од страна на граѓаните и различни сектори до Владата на Република Северна Македонија;
- дава предлози за олеснување и поедноставување на процедурите за спроведување на проекти поврзани со дигиталната трансформација, особено во однос на владини политики за набавки за поддршка на локалните компании, дигитално вклучување, дигитални плаќања, дигитално учество, електронска трговија и усвојување на современи технологии до Владата на Република Северна Македонија;
- дава предлози за олеснување на процедурите на компаниите и инвеститорите во дигиталната трансформација на различните области до Владата на Република Северна Македонија;
- ја анализира состојбата со дигиталната трансформација на општеството и предизвиците со кои се соочува јавното приватно партнерство и дава конкретни препораки;
- дава предлози кои ќе го подигнат нивото на дигитални вештини кај младите луѓе, социјално ранливите категории, постарата популација итн. до Владата на Република Северна Македонија;
- дава препораки за подготовка и развој на дигитална трансформација во министерствата и владините институции за обезбедување изградба на соодветна дигитална инфраструктура која поддржува проекти за дигитална трансформација до Владата на Република Северна Македонија;
- изготвува анализа за моменталната состојба во однос на дигитализацијата во институциите и во приватниот сектор;
- предлага информации и други материјали поврзани со дигитална трансформација на општеството до Владата на Република Северна Македонија;
- дава предлози, мислења и препораки во врска со дигитална трансформација на општеството во соработка со засегнати субјекти до Владата на Република Северна Македонија;

- учествува во изготвување на предлог-план за оптимизација;
- дава предлог мислења, совети за редизајнирање на административните постапки, поедноставување на електронски услуги кон граѓаните и бизнис услугите до Владата на Република Северна Македонија;
- воспоставува рамка за стандардизација на информациско комуникациски системи;
- учествува во градење на капацитети за заштита на информациско комуникациски системи и
- дава препораки и мислења за имплементација на Националниот оперативен бродбенд план и дава предлози/препораки за план за задржување на ИТ кадрите во државата, како и други прашања од интерес за дигитална трансформација на општеството до Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

Советот ги врши следните работи во делот на сајбер безбедноста:
- ја следи и координира имплементација на Стратегијата за сајбер безбедност и Акцискиот план и ги разгледува сите предизвици во областа на сајбер безбедноста;
- предлага изменување и дополнување на Стратегијата за сајбер безбедност и Акцискиот план и конкретни мерки, со цел поефикасно справување со новите предизвици во областа на сајбер безбедноста до Министерството за дигитална трансформација;
- ги идентификува предизвиците за управување со сајбер кризи и предлага соодветни мерки за поголема ефикасност до Владата на Република Северна Македонија;
- дава мислење по предлог План со мерки и активности за реакција во случај на сајбер криза до Владата на Република Северна Македонија;
- соработува и координира активности во областа на сајбер безбедноста со Советот за безбедност на Република Северна Македонија;
- изготвува анализа на моменталната состојба во областа на сајбер безбедноста во врска со активностите кои произлегуваат од Акцискиот план на Стратегијата за сајбер безбедност и
- дава мислење по Годишната програма и Годишниот извештај за работа на Министерството за дигитална трансформација во делот на сајбер безбедност до Владата на Република Северна Македонија.

Член 7

Стручно (оперативна и логистичка) поддршка на Советот даваат членовите на Работната група за легислатива за дигитализација на процесите, Работната група за ИКТ дигитализација на процесите и Работната група за сајбер безбедност.

Член 8

Советот се состанува на повик на претседателот на Советот два пати годишно, а по потреба и почесто.

Член 9

Во случај на отсуство на претседателот на Советот, заменик претседател на Советот може да закаже и да ја води седницата на Советот.

Член 10

Советот донесува деловник за својата работа.

Член 11

Советот доставува годишен извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година, заради нејзино информирање.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/24), Одлуката за формирање на Национален совет за сајбер безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 207/19) и Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/18, 230/18 и 157/20).

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1951/10
6 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.